Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје има особена чест и задоволство да Ве покани на виртуелната промоција на книгата

# „Балкански наследства – Долгата сенка на конфликтот и идеолошкиот експеримент во Југоисточна Европа“

**5 јули 2021 година (понеделник) I 14:00 – 14:30 ч. I на платформата Зум**

„Балкански наследства“ е студија за последиците на војната и државниот социјализам во современиот Балкан. Авторите ги проучуваат неизбежните наследства од неодамнешното минато како и оние со кои треба да се соочи сегашноста. Главната тема на книгата е интеракцијата, често потсвесна, на искуствата на војната и социјализмот во современото општество во регионот. Петнаесет автори ѝ пристапија на оваа тема од различни дисциплинарни гледишта и преку мноштво на интерпретативни пристапи, заеднички исцртаа една сложена слика на најдолготрајните наследства на конфликтот и идеолошка транзиција во регионот, без запоставување на националните и локалните особености. Во книгата е вклучен и трудот на нашиот редовен професор Мишо Докмановиќ – „Неочекуван пресврт – историското наследство на дваесеттиот век и процесот на „антиквизација“ во Македонија. Книгата е објавена од страна на престижниот американски издавач Purdue University Press.




**Говорници:**

**Проф. д – р Сашо Георгиевски**
декан на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје

**Проф. д-р Џон Пол Њуман**
претседател на Ирската асоцијација за руски, централноевропски и источноевропски студии

**Проф. д-р Балач Апор**
професор на Тринити Колеџ Даблин и

**Проф. д-р Мишо Докмановиќ**
редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први“ во Скопје.

Настанот ќе се одржи на англиски јазик.

Link: https://us02web.zoom.us/j/83576230012?pwd=cFNWb1dDQVR6Nk1sT0FlMlICbHdKUT09
Meeting ID: 835 7623 0012 Passcode: 1122